# ПРИЛОЗИ
# ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
# И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Приредувач: Катица ЌУЛАВКОВА

Скопје
Македонска академија на науките и уметностите

2021

## СОДРЖИНА

## ПРЕДГОВОР


- Катица Ќулавкова: Македонија: историски континуитет во простор и време ........ I


## УВОД


- Љупчо Коцарев: За историјата на Македонија ........ а


## I КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО


- Драги Митревски: Културната основа на Македонија: од раната бронзена доба до првите политички заедници ........ 37
- Војислав Саракински: Македонците меѓу барбарството и хеленството ........ 59
- Стефан Пановски: Македонските кралеви и Хелените ........ 77


## II ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА


- Александар Атанасовски: Бугарските завладувања на Македонија во IX и X век ........ 103
- Митко Панов: Политичко-идеолошките традиции на Самуиловата држава (Концептуализација на историската интерпретација) ........ 123
- Стојко Стојков: Многуимените Други: Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан ........ 147

- Ванчо Ѓорѓиев: Постулатите на македонското револуционерно движење 1893-1908 ........ 167
- Никола Минов: Балканските пропаганди во османлиска Македонија ........ 193
- Далибор Јовановски: Делејќи го „Своето“: Преговорите за поделба на Македонија меѓу балканските држави ........ 219
- Теон Џинго: Македонскиот национален идентитет во политиката на Велика Британија (1919-1941) ........ 243
- Тодор Чепреганов: Британските и американските воени мисии во Македонија за македонскиот идентитет во Втората светска војна (1941-1944) ........ 261
- Сашо Додевски: Ослободител, окупатор или администратор – позицијата на царството Бугарија во Македонија во Втората светска војна во периодот 1941-1944 ........ 275


## III КУЛТУРНА ИСТОРИЈА


- Ѓорги Поп-Атанасов: Македонскиот карактер на глаголицата ........ 301
- Витомир Митевски: Индоевропските обрасци и византиската традиција во македонските песни за Крале Марко ........ 317
- Ганка Цветанова: Културната и политичката фаза во развојот на македонската нација: Просветителство и Преродба ........ 327
- Билјана Ристовска Јосифовска: Македонскиот идентитет во националната историографија: неинституционални и институционални форми на проучување ........ 349
- Искра Тасевска Хаџи-Бошкова: Македонската култура во првата половина на XIX век ........ 369
- Ангелина Бановиќ Марковска: Мисирков и суштината на националната идеја: јазик, култура, историја ........ 385
- Велика Стојкова Серафимовска: Фолклорните маркери и македонскиот културен идентитет ........ 399

- Сашо Цветковски: Словенските светци во живописот на дебарско-мијачката и самоковската зографска школа (рефлексии и одраз на одделните традиции и културните идентитети) ........ 417
- Горан Калоѓера: Hommage на македонскиот XIX век: обид за синтеза... 449


## IV. ЦРКОВНА ИСТОРИЈА


- Ѓоко Ѓорѓевски и Виктор Недески: Општествено-политичките процеси и улогата на Охридската Архиепископија низ вековите ..... 465
- Дејан Борисов: Теодосиј Гологанов – скопски митрополит 1885-1892 ... 483
- Борче Илиевски: Македонското црковно прашање 1943 – 1967 (меѓу автономија и автокефалност) ........ 501
- Тони Филипоски: Атрибуциите и титулациите на светците на македонската православна црква - Охридска Архиепископија во средновековните извори: Св. Кирил, Св. Методиј, Св. Климент, Св. Наум ........ 523


## ПРИЛОЗИ


- Биографски белешки на авторите ........ 550
- Список на илустрации: за текстовите на Д. Митревски, Ѓ. Поп-Атанасов, В. Стојкова Серафимовска и С. Цветкоски ............ 558

## Александар АТАНАСОВСКИ

# БУГАРСКИТЕ ЗАВЛАДУВАЊА НА МАКЕДОНИЈА ВО IX И X ВЕК

*Увод:*

Големата преселба на народите предизвикала значајни демографски и етнички промени во Европа, а со тоа и на Балканскиот Полуостров, кој бил дел од тогашниот „римски свет“. Како последица на Големата преселба (IV–VI век), пропаднала Западната Римска Империја, а Источната продолжила да постои под името Византија. Источната Римска Пмперија долго време се борела за да ги надмине последиците од Преселбата. Како резултат на Големата преселба, дел од „варварите“ ја запоседнале територијата на некогашната Римска Империја, некои од тие „варвари“ формирале сопствени држави, а други заживеале на територијата како федерати (сојузници) на Византија. Иако се соочила со големи територијални загуби, не се откажала од изгубените територии, така што формално-правно ги прогласила за *привремено загубени* и настојувала да ги врати под своја власт.

На Балканот Византија се соочила со реалноста по доаѓањето на Бугарите во втората половина на VII век и губењето на власта во Македонија, како резултат на готските и аварските навлегувања, како и побуната на робовите (Склавите) и нивниот сојуз со варварите за отстранување на византиската власт од неа. Од воено-административен аспект, Византија ја задржала власта во Солун и во Тракија, која станала прифатилиште на избеганите робовладетели, аристократи и администратори од Македонија. Формално била зачувана и епископската организација. Сепак, некои епископии постоеле само на хартија, а некои биле само титуларни епископи, кои живееле во Солун и во Константинопол.

По зацврстувањето на бугарската држава во подунавските области северно од Стара Планина, Бугарите почнале да ја прошируваат својата власт и на југ,

претежно кон Тракија (ВИИНЈ 1955: 225). Во тие походи учествувале и потчинетите „Склави" (Словени), на пр. Сојузот на седумте словенски племиња и Северите.[1] Византија се нашла во многу тешка положба, бидејќи морала да војува против Бугарите и против „Склавите" во Македонија во целиот VII и VIII век (Атанасовски 2007: 275–290). Во текот на VIII век Византија со засилен интензитет ги продолжила походите на територијата на Македонија, каде што населението живеело во независни кнежества наречени „Склавинии". На чело на тие кнежества стоеле „кнезови", „архонти" или „кралеви" (ἄρχοντες, ῥέγες). Пишаните изворни податоци и археолошките наоди сведочат дека во Македонија во овој период немало утврдени градови или замоци.

Разурнатите или полуразурнатите градови за време на Големата преселба, како и ранохристијанските цркви, локалното население сè уште ги немало претворено во одбранбени, трговско-занаетчиски и црковни средишта. Со преземените зачестени воени походи и колонизаторски мерки, Византија ги оневозможувала „Склавите" во Македонија да ги обноват и да ги претворат разрушените градови во одбранбени пунктови. Сето тоа било причина при нападите голем број од населението во Македонија да стане лесен плен на византиската војска.

Според Теофан, во 758/9 година Константин V Копроним (741–775) ги нападнал и ги ограбил „Склавиниите во Македонија" (Theoph., Ip.430: 21–22, ВИИНЈ 1955: 230, Документи 1981: 42; ГИБИ III, 270). Паралелно со нападите на македонските територии, Византија преземала и дипломатски акции за потчинување на бугарската држава. Како резултат на тоа, во 762 г. бил извршен преврат во Бугарија (ВИИНЈ 1955: 231). Дури за време на владеењето на ханот Телериг (768–777), биле запрени акциите на провизантиските велможи. По совладувањето на внатрешните противници, Телериг во 773 г. се обидел да ја нападне „склавинијата Берзитија". За тоа сведочи Теофан, кој вели: „Во месец Октомври 11 индикт[2], царот (Константин V) добил порака од своите тајни пријатели од Бугарија (ВИИНЈ 1955: 233 и бел. 57) дека господарот на Бугарија испраќа 12000 војници и бољари да ја поробат Верзитија[3] и населението да го преселат во Бугарија (Theofan 447: 10–13; ВИИНЈ 1955: 233). Кога го дознал тоа царот, почнал да се подготвува за нов поход против Бугарите, залажувајќи ги бугарските пратеници, кои се наоѓале на неговиот двор, дека

[1] За односот на Бугарите кон Словените по формирањето на државата во 681 година види поопширно: Иван БОЖИЛОВ, *Седем етюда по Средновековна история*. София 1995: 34–36.

[2] Индиктот 11 за октомври очигледно е грешка при пишувањето, наместо 12 индикт. Спореди: *Византијски извори за историју народа Југославије*. Т.1, 1955: 233 бел. 56.

[3] За местоположбата на склавинијата Берзитија види: *Византиски извори, I*, 233 и бел. 58. Спореди и Васил Златарски 1994: 230–231.

тргнува против Арабјаните. Изненадените Бугари ги снашол страшен пораз кај Литосорија (Theofan 447; Божилов-Гюзелев 1999: 109). Ова се први вести што директно сведочат за организиран поход на бугарски владетел кон Македонија. Некои историчари, на пр. Мутафчиев, сметаат дека податокот не се однесува на Берзитија во Македонија, туку Берзитија во Западните Родопи или негде во Софиско (Мутафчиев 1995: 97). За разлика од него, Златарски е на мислење дека походот бил организиран против племето Берзити, кое ја населувало денешна централна Македонија (Златарски 1918, I, 230 и бел. 1). Тоа мислење го делат и авторите на *Византиски извори за историју ннарода Југославије*, том 1 (ВИИНЈ, I, 1955: 233 и бел. 58).

Што се однесува до целта на походот, Мутафчиев смета дека „не станува збор за принудно преселување на тамошните Словени, туку за да се кренат на борба против Империјата и да содејствуваат за нивно присоединување кон бугарската држава" (Мутафчиев 1995: 87). Златарски, исто така, ја поставува под знак прашалник целта на походот и смета дека целта не била преселување, туку таа била наметната од пријателите на Византија (Златарски 1918: 1–1: 230–231). Ѓузелев и Божилов настојуваат да ја извитоперат целта на походот и констатираат дека „не треба тоа известување на Теофан да се разбере во буквална смисла. Движењето на значителна бугарска војска во правец кон срцето на Македонија (Битолско, Велешко, Кичевско, Прилепско), каде што живееле Берзитите, имало цел постепено вклучување на таа територија и на нејзиното население во пределите на бугарското ханство, бидејќи било очигледно дека неговиот ограничен потенцијал и изолираност го осудувале на пропаст во двобојот со Империјата. Со други зборови, ханот Телериг прв ја осознал неопходноста од преместување на центарот на бугарската политика и претворање во објект на соперништвото со Византија за хегемонијата над словенските племиња во Македонија" (Божилов-Гюзелев 1999: 119). Византискиот хроничар јасно кажува дека целта на Телериг била да ја пороби Берзитија и нејзините жители да ги пресели во Бугарија. Најверојатно од постојаните војни со Византија, населението во бугарското ханство способно да носи оружје било проретчено и Телериг сакал со тоа да го зголеми бројот на своите војници. Од друга страна, со тие преселници Телериг планирал да ја обезбеди својата власт од внатрешни немири.

Кон крајот на VIII век тежиштето на византиско-бугарската војна постепено се пренесувало на територијата на Македонија. Со сигурност се знае дека Византија ја контролирала областа на Западна Тракија и на Родопите. Но, вториот по значење град во Империјата со својата околина и Халкидики изгледал како голем остров во словенското море. На запад од Струма, во

Македонија, во Епир и во Тесалија, а исто и во суштинска Грција, области населени со многубројни, но разединети племиња на Склавите, византиската контрола се потпирала врз зачуваните крајбрежни тврдини Драч, Никопол (во Епир), Патрас, Монемвасија и др. Целта на Византија била да ги покори и да ги привлече на своја страна тие Склави. За тоа, според Теофан, во 783 година логотетот Ставрикиј бил испратен од регентката Ирина со голема војска „против словенските племиња". Откако се спуштил „до Солун и до Елада", вели Теофан, ги покорил сите и ги направил поданици на Империјата. „Тој навлезе и во Пелопонез и многу заробеници и плен ѝ донесе на Империјата на Ромеите" (Theophan, 456: 26–31 и 473: 18; ВИИНЈ, I 1955: 234; Острогорски 1970: 145–146).

Како резултат на византиското воено ангажирање во последните години на VIII век, Византија ја стабилизирала својата власт во Северозападна Тракија, создавајќи ја „темата Македонија" со седиште во градот Одрин. Таа го добила името „Македонија" по бившите македонски доселеници од крајот на VI и почетокот на VII век (Theophan, 475; Petrusi 1952: 86–88; Порфирогенит 2014: 69–71; Коледаров 1985: 52 и 56). Нешто порано била создадена „темата Тракија" (Petrusi 1952: 84–86; Порфирогенит 2014: 67– 69). Византија ја наметнала својата власт во Грција, создавајќи ги темите Хелада, Пелопонез и Кефаленија (Острогорски 1970: 141–156). На територијата на Македонија, со исклучок на градот Солун, Византија и натаму само формално го одржувала својот суверенитет. Византиско-бугарскиот двобој за териториите на Македонија продолжил со поголема жестокост во IX век.

За време на владеењето на ханот Крум (796–814),[4] бугарската држава значително се проширила и се засилила. Додека речиси сите бугарски ханови ги насочувале своите походи на југ, хан Крум во почетокот ги насочил своите сили на северозапад. Причина за тоа бил распадот на Аварскиот Хаганат под ударите на Франките, започнато уште од 791 година, кое завршило кон 803 година (Божилов-Гюзелев 1999: 126). Бугарија ги проширила своите граници на северозапад, освојувајќи ги источните владенија на Хаганатот. Веднаш потоа Крум го насочил своето внимание кон освојување на Североисточна Македонија. Крум си поставил цел да продре по текот на реката Струма и оттаму да го нападне градот Солун. Тоа била причината да се нарушат мирните односи меѓу Бугарија и Византија.

[4] Хронологијата е земена според Иван БОЖИЛОВ – Васил ГЮЗЕЛЕВ, *Историја на средновековна България*, 126. За другите мислења види: Васил Златарски, *История*, 1–1, 247–292; истиот, *Хан Крум*, – БИБ, III, 1 (1930), 1–23; Н. Благоев, *Международното положение на България въ времето на князъ Крума и неговата държавна политика* – Македонски преглед, София 1939: 63–75; В. Бешевлиев, *Крум и Никифор*. – StB, XVII, 1983: 17–26.

Византискиот император Никифор I Геник успеал да ја зацврсти империјата, пред сè, финансиски, а потоа и политички. Тоа му дало можност да поведе активна политика на Балканскиот Полуостров, која имала цел да ги потчини непокорните словенски племиња. Откако во 805 година се справил со востанието на Склавините на Пелопонез и населил во некои области преселници од малоазиските провинции,[5] тој се зафатил со Бугарите. Походот започнат од негова страна во 807 година завршил неуспешно поради организираниот заговор против него (Theophan, p. 482 и 251; Мутафчиев 1995: 93; Златарски 1–1, 1918: 250).

Притисокот на бугарското ханство кон Македонија главно се одвивал по долината на реката Струма. Клучот за Македонија била Сердика, која сè уште се наоѓала во византиски раце. Таа заземала важно место во остварувањето на копнената патна врска на Константинопол со Среден Дунав и франкската империја. Таа била еден од малкуте големи градски центри во внатрешноста на полуостровот, врз кои Империјата ја крепела својата власт над Словените и го контролирала движењето кон балканскиот југозапад (Божилов-Гюзелев 1999: 127).

Есента 808 г., кога била делена платата на византиската војска во Струмската Област (што потврдува дека Византија имала своја власт во тој регион), Бугарите преку Средечката Област ненадејно ја нападнале, убиле голем број од војската заедно со стратезите и началниците, а исто така, и не малку гарнизонски началници на одделни тврдини. Во бугарски раце паднале 1100 литри злато (или 79 200 номизми), огромна сума за тогашно време (Theophan, 484; Мутафчиев 1995: 94; Златарски 1918: 251–252; Божилов-Гюзелев 1999: 127). Овој напад имал разузнавачки и ограбувачки карактер, па бугарската војска бргу се вратила назад. За да има сигурни резултати, Крум морал да ја освои Сердика (Софија). Преместувањето на театарот на борбените дејства од областа Загора и Тракија во Средечката и во Струмската Област не било погодно за Византија. Во раната пролет 809 година со изненаден удар хан Крум успеал да ја преземе Сердика без продолжителна опсада. По влегувањето во градот биле убиени 6000 ромејски војници и многу граѓани (цивили), а била разрушена и тврдината. Потоа Бугарите се повлекле. Византискиот император веднаш реагирал со поход и се упатил кон Сердика (ГИБИ III, 269–270; Мутафчиев 1995: 94; Божилов–Гюзелев 1999: 128). Овој поход на Никифор немал некои значајни резултати и набргу тој се вратил во Константинопол. По повлекувањето на византиската војска целата Софиска Област се нашла

[5] За востанието на Пелопонез спореди: *Cronaca di Monemvasia*, 18–22.

под бугарска власт. Со освојувањето на Сердика, последната византиска тврдина во внатрешноста на полуостровот, се отворал за Бугарите слободен пат за „Словенска Македонија“ (Златарски 1918: 1–1, 254).

За да се спречи очекуваното понатамошно проширување на Бугарите кон „македонските земји“ (Мутафчиев 1995, 94), биле нужни мерки од поинаков карактер и размери. Поради тоа, Никифор наредил да се соберат колонисти од сите провинции на империјата и да се населат како воено-погранично население во „словенските области“ (Златарски 1–1 1918: 254; Мутафчиев 1995: 94) (во земјите на Славиниите = земјите населени од Словени) (Theophan, 482–483, 486; Документи, 1 1981: 45-46; Божилов–Гюзелев 1999: 128), соседни со Бугарија (Мутафчиев 1995: 94). Овие колонисти требало првин да го продадат својот имот (Theophan, 486; Златарски 1–1, 1918: 254; Божилов–Гюзелев 1999: 128). „Таа работа не беше помала од поробување, така што многумина избезумени колнеа, или бараа излез како непријатели, други, пак, плачеа над родителските гробови и умрените ги сметаа за среќни. Некои се послужија и со јаже за да се избават од стравотиите. Очај ги обзеде сите“ (Theophan, 484–485; Документи 1, 1981, 46; Златарски 1–1, 1918: 254). Преселувањето започнало во септември 809 година и завршило околу Велигден 810 година (Theophan 486; Златарски 1–1, 1918: 254). Без сомнение оваа колонизација во словенските области на Македонија, и тоа главно во Стримонската област (Theophan 496; Златарски 1–1, 1918: 255 и 262), била преземена од Никифор, со цел да го спречи бугарското проширување во тој правец (Златарски 1–1, 1918: 255).

По овие мерки, Никифор I тргнал во поход против Бугарија со цел да го уништи бугарското ханство и да ги покори териториите завладеани од него, и тоа со еден единствен поход кон срцето на ханството Плиска.[6] Походот започнал во мај 811 година и во почетокот имал успех – на 11 јули 811 година Никифор ја освоил бугарската престолнина и продолжил понатаму. Бугарските војски се повлекле во планинските предели и му поставиле заседа на византискиот император, и на 26 јули 811 година кај месноста „Врбнички премин“ дошло до жестока битка, во која била разбиена византиската војска, а загинал и самиот император (Theophan, 491; ГИБИ III, 280–281; Златарски 1–1, 1918: 258/9; Мутафчиев 1995: 95; Божилов–Гюзелев 1999: 130). Никифор I бил вториот византиски император што загинал на бојното поле. Од неговиот череп Крум направил пехар, од кој пиел здравица со словенските кнезови (Бешевлиев 1981: 67–68; Божилов–Гюзелев 1999: 130). По извојуваната победа, хан Крум започнал контраофанзива во пролетта 812 година. Во текот на таа офанзива

[6] Поопширно за текот на походот види: Златарски 1–1, 1918: 255–256; Благоевъ 1939: 65–66; Мутафчиев 1995: 94–95; Божилов–Гюзелев 1999: 128–129.

Крум го освоил Девлет, потоа поголемиот дел од темите Тракија и Македонија. Како резултат на бугарските походи кон Тракија и кон Македонија, колонистите што биле населени во претходните години во Стримонската Област избегале оттаму и се вратиле во своите места на живеење. (Theophan, 495–496; Златарски 1–1: 1918: 262; Мутафчиев 1995: 95; Божилов-Гюзелев 1999: 132).

Без разлика на постигнатите резултати, хан Крум пројавил стремеж кон мирно решавање на конфликтот.[7] Во екот на преговорите за малку не станал жртва на атентат подготвен од Византија. Потоа војната продолжила, во екот на воените дејства хан Крум извојувал значајна победа над византиската војска кај месноста Версиникија на 22 јуни 813 (Златарски 1–1, 1918: 268; Мутафчиев 1995, 96; Божилов–Гюзелев 1999: 134/5). По таа победа Крум стасал до Константинопол, пак биле водени неуспешни преговори, по што бугарските војски ја опљачкале околината на Одрин. И токму кога над Византија надвиснала бугарската опасност, дошла вест дека „на денот Велики четврток пред Велигден (14 април 814), Крум умрел“ (Божилов–Гюзелев 1999: 138). Во почетокот на 815 година бил склучен т.н. триесетгодишен мир меѓу Бугарија и Византија. Според договорот, новиот бугарски хан Омуртаг морал да ги повлече бугарските војски од освоените македонски области и да ги сведе границите на бугарската држава во рамките на оние од 716 година.[8]

Во согласност со одредбите од договорот, територијата на Македонија останала надвор од границите на Бугарија, а Византија значително ја засилила својата положба на овие простори, одржувајќи сојузнички врски со „народот на Склавите“. Тие мирни и сојузнички односи на Византија и Словените од Македонија биле нарушени во периодот на владеењето на Михаил II (820–829 год.) кога во 821–823 година избувнало востание предводено од Тома Словенот.[9] Востанието од Мала Азија се префрлило на Балканот, при што на востаничката војска им се придружило населението од темите Тракија, Македонија, Солун, неговата област и тамошните Словени (ЛИБИ, II, 26; Божилов–Гюзелев 1999: 149). Благодарение на интервенцијата на бугарската војска, византиската престолнина била спасена (Божилов–Гюзелев 1999: 149). Како резултат на востанието ослабнале византиските позиции по Струма. Но, по задушувањето

[7] За текот на преговорите и обидот за атентат врз Крум види: Иван БОЖИЛОВ – Васил ГЮЗЕЛЕВ, *История*, 132–134.

[8] За договорот и неговото значење види поопширно кај: Васил ЗЛАТАРСКИ; *История*, 1–1: 299–300; Петар МУТАФЧИЕВ – Вера МУТАФЧИЕВА, *История*, 103; Иван БОЖИЛОВ – Васил ГЮЗЕЛЕВ, *История*, 145–147 и таму наведената литература.

[9] Главни византиски извори за тие настани се: Georgios Monahus, *Chronicon*, ed. C. de Boor, I–II. Lipsiae. 1904: 796–797, 32–46; Theophanes Continuatus, Rec. I. Bekkerus. Bonnae, 1838: 64–66. Спореди и: Pol LEMERLE, *Thomas le Slave*. – TM, 1, 1965: 255–297; П. ТИВЧЕВ, *Бунтът на Тома Славянина и намесата на българския хан Омуртаг*. – ИПр. XV. 5, 1969: 68–76; Иван БОЖИЛОВ – Васил ГЮЗЕЛЕВ, *История*, 149.

на востанието Византија се зафатила со тоа да ги засили своите позиции со формирање на тема во Солун. Струмјаните и Смолјаните продолжиле да бидат управувани од свои племенски водачи. Словенските гусари, како што соопштува ѓаконот Игнатие во Житието на Григориј Декаполит, продолжиле да пловат „со бродови крај стрмните брегови на реката (Струма) и да ги ограбуваат бродовите што доаѓаа на пристаништето“ (ВИИНЈ, I, 254–255 и бел. 4; Документи 1, 1981: 47).

Од почетокот на 30-тите години на IX век Византија презела засилени акции за воспоставување своја трајна и стабилна власт во североисточните македонски области што се граничеле со Бугарија. Меѓу тие мерки императорот Теофило (829–842 г.), примајќи во поданство околу 14 000 турски бегалци, избегани од Персија во Мала Азија, ги преселил на просторот меѓу Струма и Вардар, со цел да ги разедини словенските племиња и да овозможи Византија да воспостави трајна власт над нив. Овие мерки на византиската влада предизвикале побуна кај Склавите. За тоа наоѓаме податоци во *Житието на св. Григориј Декаполит*, каде што се вели: „Одеднаш светецот одлучил со еден од своите ученици да тргне кон горите (планините) на словенските краишта (τῶν Σκλαβηνῶν), бидејќи се надевал дека таму ќе го најде посакуваниот мир. Откако тргна на пат и малку се оддалечи почна брзо да се враќа таму од кај што тргна“ (ВИИНЈ, I, 255 и бел. 5–6). Кога бил запрашан од сопатниците што е причината за тоа, светецот одговорил дека таму „сонцето не грее“. „А по неколку дена водачот на таа словенска земја (τῆς ἐκείνης Σκλαβινίας ἐξάρχοντος) подигнал големо востание и крв течела во потоци, а околината горела во оган и била исполнета со страотна темнина. Тој (светецот) го велеше и тоа дека без печат и царско одобрение никогаш не патувал од место во место“ (ВИИНЈ, I, 255; Dvornik 1926: 54, 23–26). Најверојатно во врска со ова востание било и присуството на една византиска армија на чело со Алексиј Мозеле во Христополис (ден. Кавала) и го задржувале секој што сакал да помине низ областа (Dvornik 1926: 164–167; Божилов-Гюзелев 1999: 159). Во историската литература сè уште се води полемика во која Склавинија било кренато востанието: според некои тоа било Драговитија, а според други Смоленската.

Кон истото тоа време 836/7 година изворите регистрираат обид на бугарскиот хан Пресијан да ги потчини Смолјаните. Во врска со што се наведуваат податоците од еден натпис крај Филипи.[10] Петар Мутафчиев и Васил Златарски

[10] Опширно за натписот види: Йордан ИВАНОВ, *Български старини из Македония*. София1931, Фототипно издание 1970: 1–9; Д. ДЕЧЕВЪ, *Где сж живѣли смолѣнитѣ* ? – Сборникъ въ честь на Василъ Н. Златарски, по случай на 30-годишната му научна и професорска дейность. София 1925: 45–47; F. DVORNIK, *Deux inscriptions gréco-bulgares de Philippes*. – Bulletin de correspondence hellénique, LII, 1928: 125–147; В. БЕШЕВЛИЕВ, *Първобългарски надписи* (Второ преработено и дополнето издание). София, 1992.

тоа бугарско раздвижување го прикажуваат како реакција на присуството на византиската армија во тие простори и дека целта била „да се присоединат Смолјаните кон бугарската држава“ (Златарски, 1–1, 1918: 338–339; Мутафчиев 1995: 107). Натписот е јасен и конкретен: „Од Бога (поставениот) кнез Пресијан го испратил кавханот Исбул,[11] откако му дал одбрана војска и боилите ... и канот боила колубар И кавханот против Смолјаните“ (Иванов 1931: 3; Ников 1925: 214; Божилов-Гюзелев 1999: 159). Бугарските историчари Мутафчиев, Златарски, Божилов, Ѓузелев, се на мислење дека оваа бугарска експедиција била испратена „да им помогне на Смолјаните во борбата против Византија и да ги откинат териториите западно од Струма од Византија и да ги присоединат кон Бугарија (Мутавчиев 1995: 107; Златарски 1–1, 1918: 349–351; Божилов-Гюзелев 1999: 159). Зборот „против“ Смолјаните тие го преведуваат „кај Смолјаните“. Нешто пореален е Д. Дечев, кој е на мислење дека целта на експедицијата била „да ја потчинат областа на Средна Места (Неврокопско, денешно Гоце Делчев) и оттаму да се спушти кон земјите меѓу долните теченија на Места и на Струма“ (Дечев, 1925: 47). И П. Ников го дели мислењето на Дечев, дека целта била да се потчинат Смолјаните на бугарската држава. Инаку, Ников го коригира Златарски, кој го датира походот 10 години подоцна, во 847 година, и смета дека походот бил во 837 г. (Златарски 1–1, 1918: 338 и 349; Ников 1925: 226 и 227). Дека походот бил за потчинување на Смолјаните може да посведочат настаните од 849–850 година, кога бил склучен мировен договор и бугарските војски се повлекле од земјите по долните теченија на реките Места и Струма (Златарски 1–1, 1918: 351). Со тоа отпаѓа бугарската теорија дека „вклучувањето“ на македонските земји западно од Струма во бугарската држава најверојатно се случило во периодот 837–842 год. Напротив, изворите сведочат дека тие територии ги освоил кнез Борис и му биле признаени со договорот од 864 год.

Остава впечаток тоа што во натписот од Филипи не се среќава терминот Византија, туку само името на Смолјаните. Во времето на Теофил (829–842) Византија била зафатена со страшни борби со Арабите во Мала Азија, а меѓу „Склавите“ што живееле во границите на империјата започнало движење за осамостојување од Византија и пелопонеските Склави се отцепиле од империјата (Ников 1925: 226 и бел. 2). Натписот покажува дека и „македонските Склави“ (Смолјаните) не биле мирни. Забележително е што токму во истото време се паѓа, за време на Пресијан, едно насочување на вниманието на бугарските државници кон византиските области на Балканот населени со

[11] Кој бил Исбул види: Петар НИКОВ, *Кавханъ Исбулъ*. – Сборникъ въ честъ на Василъ Н. Златарски, по случай на 30-годишната му научна и професорска дейность. София 1925: 195–227.

„Склави". Дека во раздвижувањето на Склавите, освен внатрешни причини, имало и надворешни, нема сомнение. Истовремено, движењето на Бугарите кон југ и југозапад, засведочено во изворите, наведува на помислата за поврзаност меѓу тие настани (Ников 1925: 227 и бел. 1).

Не треба да се исклучи можноста дека ова бугарско продирање на југ било иницирано од Византија. Можно е востанието во близина на Солун 836/7 година, за кое зборува Декаполит, да било токму во Склавинијата на Смолјаните. Според одредбите од триесетгодишниот договор за мир, Византија можела да побара воена помош од Пресијан и тој да го испратил кавханот Избул да ги нападне Смолјаните, што довело до нивно потчинување под византиска власт. Така може да се објасни молчењето на изворите за бугарско-византискиот судир. На такво размислување нѐ наведува вториот натпис од Филипи, испишан на истиот столб, во кој се посочува дека „Бугарите им направиле многу добрини на христијаните (Византијците) и христијаните го заборавиле тоа. Но Бог гледа" (Иванов 1931: 11; Бешевлиев 1979: 134). За какви добрини станува збор, не е сосема јасно. Но, ако се земе предвид дека во време на востанието на Тома Словенот Бугарите им помогнале на Византијците, не треба да се исклучи можноста и сега, во 837 година, пак Бугарите да ѝ помогнале на Византија да го задуши востанието на Смолјаните. Дотолку повеќе што по походот од 837 година Смолјанската Област потпаднала под византиска власт и така останала сѐ до доаѓањето на власт на Борис (Дечев 1925: 50).

Причините за бугарскиот поход против Смолјаните и резултатот од него многу сликовито ги опишал Веселин Бешевлиев во изданието од 1979 година.[12] Според него, по освојувањето на Одрин во 813 година, Крум го преселил населението на градот и околината во т.н. Заддунавска Бугарија. Преселниците ги нарекле новите населби по името на својата стара татковина – Македонија, а себеси – Македонци (Златарски, 1–1, 1918: 277). Тие не ги заборавиле родните места и барале погоден случај да се вратат повторно таму. Таква можност им се укажала дури во 837 год. Началникот на преселниците, Кордила, успеал да отиде кај тогашниот византиски император Теофил, кој „го примил радосно и кога разбрал што сака, испратил кораби да ги земат Македонците и да дојдат во престолнината" (Бешевлиев 1979: 138). Преселниците решиле да се преселат заедно со жените и децата. Кога Михаил Бугаринот (=Пресијан, Златарски 1–1: 277) излегол на поход против Солун, тие започнале да ја преминуваат реката со своите имоти" (покуќнина).[13] Во тоа време избувнало големо

[12] Спореди: Веселин БЕШЕВЛИЕВ, *Първобългарски надписи*. София 1979: 132–139. Од истиот има и второ дополнето издание од 1992.
[13] Спореди: Georgi Continuates, ed. Moravcsik, *Studia Byzantina*, Budapest 1967: 30–35.

словенско востание. „По неколку дена бил кренат немал бунт од управителот на онаа Склавинија. Потоци од крв потекле како река и целата област била опожарена и помрачена“ (Dvornik 1926: 61–62; Бешевлиев 1979: 137).

Дворник ги поврзува двата натписа од Филипи и смета дека Бугарите посакале да извлечат корист од востанието во Славинија за да ја распространат својата власт и врз тие Словени (Dvornik, BCH, LII, 141), но тоа би значело нарушување на триесетгодишниот мировен договор, но и отворено завладување на византиска територија (Бешевлиев 1979: 138). Бешевлиев, за разлика од Дворник, дава поинакво толкување на настаните. „Во исто време кога управникот на Славинија се разбунтувал, византискиот император Теофил бил зафатен со жестоки борби со Арапите во Мала Азија, кои барале големо напрегање и учество на целата византиска војска. За да го задуши бунтот, императорот Теофил, слично како татко му Михаил II за време на востанието на Тома Словенот, се обратил за помош кон бугарскиот владетел. Со повикувањето на бугарските војски императорот можеби целел дека ќе ги одвлече далеку од Северна Бугарија за да го олесни враќањето на Македонците во родните места. Бугарскиот владетел Пресијан, не сомневајќи се во ништо, се одѕвал со готовност на молбата на императорот, кој можеби му ветил некаква корист, испратил, поради големината на востанието, моќна војска под команда на двајцата најголеми воени началници – кавхан и ичиргу боила. На тој начин Северна Бугарија била оставена без војска. Тоа јасно се гледа од обидот на преселниците Византијци да го преминат Дунав и да си пробијат пат по копно преку Бугарија и од фактот дека комесот, локалниот бугарски управник на Добруџа, кој преминал од другата страна на реката со малобројна војска, се обратил за помош до Унгарците, а не барал поткрепа од централната власт. Набргу дошле и корабите испратени од императорот, на кои преселниците се натовариле заедно со имотот и се вратиле по море во своите родни места“ (Бешевлиев 1979: 138).

Во истото време бугарските војски, испратени на помош на Византијците, навлегле во Беломорието и достигнале до стариот град Филипи, кој го зазеле. Дали при тоа движење на југ тие војувале со племето Смољани или останале кај нив на стан, не се знае. За Бугарите да не излезат надвор од рамката на договорената помош и да не се обидат да завладеат територии, бил испратен во Христопол (Кавала) цезарот Алекси Моселе, кој го следел движењето на Бугарите и развојот на востанието. Во меѓувреме Бугарите дознале за враќањето на преселниците од Заддунавска Бугарија и разбрале дека биле измамени од Византијците. Дали тие го прекинале походот потоа и се вратиле без никакви компензации, не е познато. Но, Бугарите останале долго време во Филипи, за

да можат да издлабат натпис на плоча стилобат на базиликата (Бешевлиев 1979: 138). Добрините што им ги направиле Бугарите на христијаните најверојатно се однесуваат, како што споменавме и погоре, на помошта против Тома Словенот и против востанието од околината на Солун. Бунтот на Словените бил задушен од Бугарите или стивнал при нивната појава (Бешевлиев 1979: 139). Настаните се случиле во 837 година (Златарски 1–1 1918: 338).

Кон крајот на владеењето на ханот Пресијан дошло до разгорување на војната меѓу Византија и Бугарија на територијата на Североисточна Македонија. Од тоа особено биле погодени областите по течението на реките Струма и Брегалница. Тие области Византија штотуку ги имала вклучено во редовите на пониските воено-административни единици на тематското уредување. Бугарската опасност влијаела Византија да ја измени својата политика спрема Струмјаните, со цел да ги мотивира да се борат на нејзина страна против Бугарите. Таквата политика резултирала со испраќањето (назначувањето) на Методиј за „словенски кнез“.[14] Подоцна на помош му бил испратен и неговиот брат Кирил. Двајцата браќа за потребите на „Словените“ од Стримон и Брегалница ја создале словенската азбука и започнале превод на богослужбените книги.[15] Дејноста на Методиј како кнез се одвивала од 945 до 855 г. (Панов 1988: 295). Но, и покрај сестраната ангажираност, византиската влада ги изгубила тие области во времето на Борис (852–889 година). Од еден апокрифен летопис (XI век) се дознава дека кнезот Борис го „примил царството на реката Брегалница“ (Иванов 1970: 283). За жал, немаме конкретни податоци за текот на освојувањата на кнез Борис. Само Теофилакт Охридски во житието на Тивериополските маченици наведува дека „Тивериополци биле претворени во робје на кнез Борис“ (ГИБИ IX, 1994: 71; Житие и канон 1997: 58), а на друго место вели: „Царувањето на Борис поминало во вечно спокојство и не малку народи му се покориле“ (ГИБИ IX, 1994: 68; Житие и канон 1997: 54).

Во врска со војните на Борис по реката Брегалница може да се доведе и еден фрагмент од теракотна икона најдена на локалитетот Виничко Кале.

[14] Поопширно за дејноста на Методиј како словенски кнез види: А. ТЕОДОРОВ-БАЛАН, *Кирил и Методи*, I, София 1920; Истиот, *Кирил и Методиј*, II, София 1934; В. ТЪПКОВА-ЗАИМОВА, *Солунските славяни и произходът на Кирил и Методий*. – Сб. Константин-Кирил Филосов, изд. БАН, София 1969; Бранко ПАНОВ, *За потеклото и најраните години од животот и дејноста на Кирил и Методиј*. – Сп. Историја, Год.XXI, бр.2. Скопје 1985: 51–66; Истиот, *За Методиевото словенско кнежевство и создавањето на „Закон Судный людем“*. – Зб. Кирило-методиевскиот (Старословенскиот) период и Кирило-методиевската традиција во Македонија. МАНУ, Скопје 1988: 289–303 и таму наведената литература.

[15] По прашањето за местоположбата на Методиевото кнежество постојат различни гледишта, кои се сведуваат на тоа дека кнежеството се простирало во Стримонската Склавинија, на територијата на Тесалија, во рамките на Солунската Тема, во Епир и во областа Витинија во Мала Азија. Сп. Бранко Панов, *За Методиевото словенско кнежевство*, 291 и бел. 15, 16, 17, 18 и 19 и литературата наведена таму.

При археолошките истражувања на Виничко Кале во 1986 и 1999 година, Коста Балабанов меѓу теракотите открил фрагменти што имале воена содржина. За жал, сè уште не е комплетирана целата композиција, недостасуваат делови. Од тоа што е споено, јасно се гледа претстава на воен судир меѓу четворица коњаници и недоволно разјаснет натпис со латински букви. Заклучокот е дека од левата страна на плочата, еден над друг се претставени бугарските војници – коњаници означени со натписот „BOLGAR“ (Балабанов 2011: 284). Втората група коњаници оддесно, според Балабанов, се „Словени“, што се заклучува од натписот „SKLAVIGI“ (Балабанов 2011: 290). Во своето истражување Балабанов смета дека мотивот е од судирот на „Куверовите Бугари и Склавините“ (Балабанов 2011: 292). „Без никаков сомнеж, може да се смета за прв досега ликовно претставен автентичен доказ за судирот меѓу бугарската војска и војската на Склавините“ (Балабанов 2011: 294). Тешко може да се прифати гледиштето дека станува збор за судир на Кувер со Склавините во Македонија, посебно на Брегалница. Таков судир не е регистриран во изворите. Покрај тоа, на теракотата во левиот горен и десниот долен агол има крстови, што ќе рече дека судрените страни го познавале христијанството. Мислам дека хронологијата според која теракотите се датираат во VII век, треба да се префрли во IX век, бидејќи фрагментот е најден во повисокиот слој, за разлика од првите што се најдени во подлабокиот слој и со оглед на описот на опремата на бугарските коњаници да се помисли на судирот на Борис со „Склавигите“ од Брегалничката Област, во која негде во тоа време бил управник Методиј, а брат му Константин ја извршувал Брегалничката мисија. Во прилог на тоа одат податоците од анонимниот летопис дека „Борис го примил царството (власта) на реката Брегалница“ ( Иванов 1925 и 1970: 283).

За жал, како и кога биле извршени бугарските завладувања, во времето на Борис, немаме конкретни податоци. Воопшто, периодот од 852 до 864 година останува прилично нејасен. Ако ги спoредиме настаните со другите соседи на Бугарија, може да се заклучи дека во тој период Борис бил ангажиран на северозападните граници на својата држава. Во 852 г. бугарски пратеници биле примени од германскиот крал Лудовик Германски. Во исто време, или набрзо потоа, но пак во првата година од владеењето, Борис влегол во преговори со јужната сосетка Византија (Атанасовски 2014: 126). Во тие преговори Борис ја добил ненаселената област Загора и градот Девелт, како и уверување дека тој бил ослободен од какви било непријателски дејства од страна на Византија (Атанасовски 2014: 127). Во екот на тие настани е вплеткувањето на Бугарија во односите со Велика Моравија на кнезот

Ростислав. Во 853 година ги гледаме Бугарите во сојуз со среднодунавските Словени, како војуваат против Лудовик Германски (Божилов-Гюзелев 1999: 169). Се претпоставува дека бугарските пратеници на враќање од Мајнц во 852 година се сретнале со Ростислав и при таа средба бил склучен сојузот (Атанасовски 2014: 129). Преземениот поход од страна на Бугарите и Словените завршил катастрофално за првите, бидејќи тие претрпеле голем пораз од Лудовиг. До кога Борис останал сојузник на Ростислав, не се знае, но во 855 година Ростислав сам дејствувал против Лудовик, што ќе рече дека сојузот со Борис бил раскинат (Атанасовски 2014: 130). Токму во тоа време (853 и 854 год.) историчарите датираат војна меѓу Бугарија и Хрватска (Божилов–Гюзелев 1999: 170; Атанасовски 2014: 131). Борис немал успех во војната со Хрватска и бил принуден да потпише мир. Тука некаде следувала и војната на Борис со Србите (Атанасовски 2014: 131–132). Бугарско-српската војна се датира од 854 до 860 година. И покрај сите овие компликации, Борис будно ги следел односите на Ростислав и Лудовик. Во 863 година Бугарите ги гледаме како сојузници на Лудовик во војната против Ростислав и Карломен (Божилов–Гюзелев 1999: 170; Атанасовски 2014: 134). Во таа година се случиле силни земјотреси на Балканот и есента започнале византиско-бугарските преговори за мир, нешто пред тоа, 862 година Ростислав испратил во Цариград пратеништво за сојуз и испраќање на византиски мисионери во Моравија. Политичките прилики ја натерале Византија да му пријде на помош на Ростислав, со цел да го оттргне Борис од сојузот со Лудовик и да оневозможи секакво понатамошно зближување меѓу тие двајца владетели (Атанасовски 2014: 136–137).

Во 863 година византискиот војсководец Петрона ги разбил Арабјаните и целата византиска армија била префрлена на Балканскиот Полуостров и по копно и по море се насочила против Бугарија. Бугарите биле принудени да го положат оружјето. Уште во есента 863 година започнале преговори и следната година бил склучен „длабок мир“ меѓу Бугарија и Византија (Божилов–Гюзелев 1999: 171). Бугарскиот владетел се задолжувал „да му се покорува на императорот на Ромеите“ и да го раскине сојузот со германскиот крал Лудовик, насочен против Велика Моравија. Борис ветил дека ќе се покрсти заедно со својот народ (Божилов–Гюзелев 1999: 172). Како придобивка за Борис било враќањето на областа Загора без црноморските тврдини Несебар, Анхијало и Девелт, кои останале во византиски раце. Бугарија ги отстапила териториите по долното течение на реките Места и Струма на Византија, за да има копнена врска со градот Солун. Границата минувала по Рупелскиот Теснец и планината Беласица на запад, спуштајќи се јужно од Костур, и

излегувала на Албанското Крајбрежје. Бидејќи изворите никаде не бележат византиско-бугарски судир за териториите во Македонија, не е исклучена можноста Византија да ги отстапила во замена за јужните делови од Места и Струма и како награда на Борис, затоа што ветил дека ќе се покрсти заедно со целиот свој народ.

Византиско-бугарскиот мир склучен во 864 година се почитувал сè до доаѓањето на власт на Симеон (893–927 г.), кој ја обновил војната со Византија (Божилов–Гюзелев 1999: 247). Во првиот период од војната, 894–896 година, територијата на Македонија не била засегната. До нова фаза во византиско-бугарскиот судир дошло во 904 година Тоа се случило откако Арапите под команда на ренегатот Лав (Леон) Триполитанец го презеле по тридневен напад (29–31 јули 904) вториот по големина византиски град Солун. Во текот на една седмица Арабјаните грабеле и ги убивале жителите, по што се повлекле, одведувајќи со себе 22000 заробеници (Ioannis Camenitae, 490–491; Острогорски 1976: 250; Документи 1–1981: 71–73). По повлекувањето на Арабјаните Солун останал незаштитен. Симеон, кој најверојатно ги следел настаните, решил да ја искористи состојбата и да го вклучи Солун во пределите на бугарската држава. За да го зачува Солун, Византија морала да направи извесни отстапки, за што сведочи еден натпис откриен кај с. Нарш, 22 км северозападно од Солун (Иванов 1931: 18), кој гласи: „Во годината од создавањето на светот 6412 (=904), индикт 7. Граница меѓу Ромеи и Бугари за време на Симеон, од Бога архонт на Бугарите, при Теодор оглутаркан и при комит Дриста" (Иванов 1961: 18; Бешевлиев 1992: 183). Тој натпис сведочи дека византиско-бугарската граница од Беласица била поместена на само 22 км северно од Солун (Божилов-Гюзелев 1999: 249).

Во периодот од 904 до 913 година односите меѓу Византија и Бугарија биле мирни. До нарушување дошло во 913 г., но воените дејства се воделе на територијата на Тракија, и Македонија не била засегната од тие дејства. Конечен мир меѓу Византија и Бугарија бил склучен во времето на Петар 927 година (Острогорски 1976: 258). Според одредбите на договорот, Византија му ги признала на Петар сите територии освоени од Пресијан, Борис и Симеон за бугарски провинции, а жителите на тие територии за поданици на бугарската држава (Бугари). Оттогаш во византиските извори за сите настани што се случувале на територијата што ја владеел Петар велат дека се случило во „бугарската земја" или кај „бугарскиот народ", без да се прави разлика дали тоа се случило во Македонија, во Албанија или во Србија. Од таа, 927 година, за територијата на Македонија се употребува истиот термин – „бугарска земја", или: „бугарски народ". Тоа морало да биде така, затоа што Византија

ја признала бугарската држава, па сите територии што тогаш влегувале во составот на таа држава, за Византија биле „бугарски". Со оглед на тоа, терминот „бугарски народ" треба да се сфаќа како државна и политичка категорија (поданичко име); како што Византијците се нарекувале Ромеи, без разлика на кој народ му припаѓале така и во овој случај се мислело на припадност на државата (државјанство), а не на етничка припадност.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Бешевлиев 1979 и 1992. Бешевлиев, В. *Първобългарски надписи*. София 1979 и (Второ преработено и дополнето издание. София 1992).

Документи 1981. *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*. Том Први, Скопје 1981.

Georgios Monahus, *Chronicon*, ed. C. de Boor, I-II. Lipsiae. 1904.Georgi Continuates, ed. Moravcsik, *Studia Byzantina,* Budapest 1967.

ГИБИ, III.1960. *Гръцки извори за история на България*, III. София.

ГИБИ 1994. *Гръцки извори за история на България*. IX. София.

Ioannis Camenitae. *De excidio Thesalonicensi*, Ed. Bonn.

Иванов 1931. Иванов, Й. *Български старини изъ Македония*. София. [Фототипно издание, София 1970]

Иванов 1970. Иванов, Й. *Богомилски книги и легенди*. София 1925 (Фототипно издание, София 1970).

Житие 1997. *Житие и канон на светите петнаесет Тивериополски свештомаченици*. Скопје 1997.

Порфирогенит 2014. Константин, Порфирогенит, *О темама. О Народима*. Београд.

ЛИБИ II. – *Латински извори за историята на България*. София 1960.

Petrusi 1952. Constantino, Porfirogenito, *De Thematibus,* In troduzione – testo critic – comment Petrusi A. Vaticana.

Theophanes I. Theophanis, *Chronographia*, volume I, Bonnae MDCCCXXXIX.

Theophan I. Theophanis, *Chronographia*, rec. C. De Boor I, Lipsiae 1883.

Theophanes Continuatus, Rec. I. Bekkerus. Bonnae, 1838.

ВИИНЈ, 1955. *Византиски извори за историју народа Југославије*. Т.I, Београд.

Атанасовски 2007. Атанасовски, Александар, *Византија и Словените од околината на Солун во VII век*. Годишен зборник на Филозофски факултет на универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје. Кн. 60. Скопје 2007. Истото е објавено и во Годишник на Софийскиот университет „Св. Климент Охридски" Център за славяно-византийски проучвания „Иван Дуйчев". Том 95 (14). Annuaire De L'Universite de Sofia „St. Kliment Ohridski" Centre de recherches Slavo-Byzantines „Ivan Dujčev". Tome 95 (14).

Атанасовски 2014. Атанасовски, Александар, *Меѓународните политички аспекти и Моравската мисија*. – Предавања на XLVI летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Охрид, 15-28 јуни 2013. Скопје.

Балабанов 2011. Балабанов, Коста, *Виничко Кале (митологија, религија и историја пишувана со глина)*. Скопје.

Благоев 1939. Благоев, Н. *Международното положение на България въ времето на князъ Крума и неговата държавна политика*. – Македонски преглед, кн. III и IV. София 1939.

Бешевлиев 1939. Бешевлиев, В. *Крум и Никифор*. – Studia Balkanika, XVII, 1983.

Бешевлиев 1981. Бешевлиев, В. *Първобългарите – бит и култура*. София.

Божилов – Гюзелев 1999. Божилов, Иван – Гюзелев, Васил, *История на средновековна България VII-XIV век*. София 1999.

Божилов 1995. Божилов, Иван, *Седем етюда по средновековна история*. София.

Dvornik 1926. Dvornik, F. *La vie de Saint Grégorie la Decappolite et les Slaves Macédoniens au IX-e siècle*. Paris.

Dvornik 1928. Dvornik, F. *Deux inscriptions gréco-bulgares de Philippes*. – Bulletin de correspondence hellénique, LII.

Дечев Д. 1925. *Где сѫ живѣли смолѣнитѣ?* – Сборникъ въ честь на Василъ Н. Златарски, по случай на 30-годишната му научна и професорска дейность. София.

Lemerle 1965. – Lemerle P. *Thomas le Slave*. – Travaux Mèmores, 1.

Мутафчиев 1995. Мутафчиев, Петар – Мутафчиева, Вера, *История на Българския народ от наченките на човешки живот по нашите земи до българското възраждане*. София.

Ников, Петар, *Кавханъ Исбулъ*. - Сборникъ въ честь на Василъ Н. Златарски, по случай на 30-годишната му научна и професорска дейность. София 1925.

Коледаров 1985. Коледаров, П. *Името Македония в историческата география*. София.

Острогорски 1976. Острогорски, Георги, *Историја Византије*. – Сабрани дела, кн. VI. Београд 1969 (Фототипно издание 1976.).

Острогорски 1970. Острогорски, Георги, *Постанак тема Хелада и Пелопонез*. – Сабрана дела Георгија Острогорског. Књ. Трећа. *Из византијске историје, историографије и просопографије*. Београд.

Панов 1985. Панов, Бранко, *За потеклото и најраните години од животот и дејноста на Кирил и Методиј*. – Сп. Историја, списание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија. Скопје 1985, бр. 2.

Панов 1988. Панов, Бранко, *За Методиевото словенско кнежевство и создавањето на „Закон Судный людем“*. – Зб. Кирило-Методиевскиот (Старословенскиот) период и Кирило-Методиевската традиција во Македонија. МАНУ, Скопје.

Теодоров-Балан, А. *Кирил и Методи, I*, София 1920.

Теодоров – Балан, А. *Кирил и Методи, II*, София 1934.

Тивчев, П. *Бунтот на Тома Славянина и намесата на българския хан Омуртаг*. – Исторически Преглед. XV. 5, София 1969.

Тъпкова-Заимова, Василка, *Солунските славяни и происходът на Кирил и Методий*. – Сб. Константин-Кирил Философ, изд. БАН, София 1969.

Златарски 1918. Златарски, Васил, *История на българската държава през средните векове*. Т. I, част 1. София 1918; Фототипно издание 1994.

Златарски 1927. Златарски, Васил, *История на българската държава през средните векове*. Т. I, част 2. София; Фототипно издание 1994

Златарски 1930. Златарски, Васил, *Хан Крум. Българска историческа библиотека*, III, 1. София.

**Aleksandar ATANASOVSKI**
Institute of History, Faculty of Philosophy
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

## The Bulgarian Conquests in Macedonia in the 9th and the 10th Century

The issue of Bulgarian conquests in the region of Macedonia is rather complicated. Firstly, it requires a terminological demarcation of the name, regarding the historical-ethnographic and geographical area of Macedonia and the Byzantine administrative theme of Macedonia located in Thrace. Secondly, in Bulgarian historiography, especially before 1990, this issue is treated not as a conquest but as a unification of the Bulgarian and Slavic tribes for a common struggle against Byzantium. In this paper, we base the research on a historical analysis of the sources that address this issue. The sources explicitly show that the Bulgarian rulers undertook conquests in the historical area of Macedonia. Until the conclusion of the Byzantine-Bulgarian treaty of 927, Byzantine sources clearly distinguish the territory of Macedonia from the territory of Bulgaria. Only after the Bulgarian ruler subordinated most of the historical area of Macedonia, Byzantine sources began to identify it as 'Bulgarian land' and its population as 'Bulgarian'–both used as designations of state-affiliation, not nationality.

There is a division in the scientific literature regarding the issue of Bulgarian rule over Macedonia in the 9th and 10th centuries. Bulgarian historians present this rule as Bulgaria's attempt to unite the Slavs from Macedonia and incorporate them into the Bulgarian state. However, historical sources testify that these activities were, in fact, not unification but conquest and subjugation of Macedonian territories under Bulgarian rule. The first mentioning of an attempt of the Bulgarians to conquer a part of Macedonia was from 773 when the khan Telerig of Bulgaria tried to attack the South Slavic *sclavinia* of Berzitia. This is attested by the Byzantine chronicler Theophanes the Confessor, who states that "In October, the 11th indiction, the Emperor (Constantine V) received a message from his secret friends (spies) from Bulgaria that the ruler of Bulgaria had sent 12,000 troops and

boyars to enslave Verzitia (Berzitia) and to transfer its population to Bulgaria" (Theophan. I 1983: A.M.6265, p. 447.10-13; VIINJ 1955: 233). The source is clear, as is the purpose–to enslave and relocate the population to Bulgaria–so the matter was hardly about unification. As a result of the Byzantine military engagement in the last years of the 8th century, Byzantium managed to stabilize its power in North-western Thrace, creating the *theme of Macedonia* (a military-civilian province), with a capital in the city of Odrin (Adrianople, today Edirne). It was named *Macedonia* after the former Macedonian settlers who had settled in the area by the end of the 6th and the beginning of the 7th century.

In the autumn of 808, when the Byzantine army was given payment in the Strumica area (which confirms that Byzantium had power over that region), the Bulgarians suddenly attacked through the Sredets area, killing a large number of the army together with several *strategoi* and commanders and some garrison chiefs of certain fortresses. The Bulgarians got hold of 1,100 pounds of gold (or 79,200 *nomismata*), a huge amount for that time. The attack was an intelligence and looting operation, so the Bulgarian army quickly retreated. In the following year, the Bulgarians captured the fortress of Serdika (Sofia). Byzantium undertook an unsuccessful counterattack, followed by a Bulgarian counter-offensive in Thrace and part of Macedonia. At the beginning of 815, the so-called thirty-year peace between Bulgaria and Byzantium was negotiated. According to this peace agreement, the new Bulgarian khan Omurtag had to withdraw the Bulgarian armies from the conquered Macedonian areas and reduce the borders of the Bulgarian state to those of 716. Peaceful relations lasted until 836/7 when the sources register a Bulgarian campaign against the Smolyans. This campaign is also interpreted in several ways. Bulgarian historians believe that the aim was to prevent Byzantium from subjugating the Smolyans. However, the source does not mention a clash between Bulgarians and Byzantines, but only states that the army was sent against the Smolyans, which can be interpreted as a request of Byzantium to deal more easily with the insurgent movement around Thessaloniki that same year.

After these events, the sources record no Bulgarian campaign until 864. A peace treaty was signed between Byzantium and Bulgaria, according to which the border between the two countries was the following: along Mount Belasica, then to the west approximately along the line of the present border with Greece, and somewhere before Bitola, the border descended south to Voden (Edessa), Lerin (Florina), Kostur (Kastoria) and reached the Albanian coast. This leads us to think that Byzantium ceded the territories in Macedonia to the Bulgarians as a reward for accepting Christianity and leaving a land corridor from Constantinople to Thessaloniki.

A new shift in the border happened in 904 when the city of Thessaloniki was conquered by the Arabs. After their withdrawal, the Bulgarian ruler Simeon brought the border 22 km away from Thessaloniki. The final peace between Byzantium and Bulgaria was signed in 927 when the Bulgarian Tsar Peter married the Byzantine Princess Maria. With that agreement, Byzantium recognized all the territories conquered by Peter's predecessors as 'Bulgarian', and thus the population as 'Bulgarians', which according to Byzantine diplomacy is a mark of state affiliation, not nationality. From 927 onward, Byzantine sources began to use the terms 'Bulgaria' and 'Bulgarians' for the population in Macedonia and other areas that were part of the Bulgarian state, which does not correspond to reality. This was done in order not to confuse the military-administrative unit in Thrace (the *theme* Macedonia) with the name of the historical-geographical area of Macedonia. However, today's Bulgarian historians interpret this as proof that Macedonia became a Bulgarian country and that there are no Macedonians, which cannot be correct.

**KEYWORDS:** Macedonia, Bulgaria and Bulgarian as Byzantine designations of state affiliation, Berzitia, Smolyani, Bregalnica, Bulgarian conquests in Macedonia, Byzantine-Bulgarian treaty of 927.